TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

# Улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Северна Македонија

Финансирано од Европска Унија

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# Содржина

Извршно резиме ..... 3

Вовед: Разбирање на улогата на граѓанските организации во борба против корупцијата ..... 4

Граѓански организации во борба против корупција: Зајакнување на нивната улога ..... 5

Механизми за соработка на ГО со државни институции ..... 5

Студии на случај: Примери на антикорупциски иницијативи на граѓанските организации ..... 6

Учество и реакции на граѓанските организации во донесување и менување на закони и политики ..... 6

Повеќегодишни активности/ иницијативи спроведувани од граѓански организации ..... 8

Заеднички активности на граѓански организации и државни институции ..... 9

Обезбедување долготрајност: Финансиска стабилност на граѓанските организации ..... 9

Државно финансирање на граѓански организации ..... 9

Поддршка од донаторската заедница ..... 10

Усогласување на напорите во борбата против корупцијата: како понатака? ..... 10

Препораки за граѓанските организации ..... 10

Препораки за политика за претставници на државни институции/тела ..... 11

Препораки за донатори и меѓународната заедница ..... 11

Библиографија ..... 12

# Извршно резиме

Граѓаните во 2023 г. како и во 2021 г. корупцијата ја гледаат како најголем општествен проблем. За забележување е фактот дека 63,5% од испитаниците значително повеќе од 46,1% во 2021 г., ја рангираат корупцијата како најголем проблем меѓу понудените опции. За ваквата ситуација, според граѓаните "виновни" се постоењето на морална криза во нашето општество, неефикасноста на судскиот систем во борбата против корупцијата, желбата за брзо лично богатење на оние кои се на власт и недоволната заштита на лицата кои пријавуваат корупција. Во ваков контекст, граѓанските организации стануваат клучни учесници во борбата против корупцијата и честопати играат главна улога во промовирање на транспарентноста, одговорноста и интегритетот во општество.

Иако правната рамка гарантира немешање на државата во внатрешните работи на асоцијации, фондации и други видови на не профитни субјекти, сепак, се уште постојат различни видови притисоци врз граѓанските организации особено за оние кои работат на полето на добро владеење и антикорупција. Од друга страна, постојат формални и неформални механизми за соработка меѓу граѓанските организации и државните институции. Главни институции и механизми се одговорни за олеснување на соработката помеѓу Владата и граѓанските организации во целост: Советот за соработка со граѓанското општество и Владата, единицата за соработка со НВО и мрежата на јавни службеници за следење на спроведувањето на Стратегијата, додека пак поедини институции одбираат да ги вклучат и консултираат претставниците на граѓанските организации во нивната работа и на други начини: учество во работни групи, работилници, конференции итн. Од застапување за правни реформи и промени во политиките до спроведување на долгорочни антикорупциски иницијативи, дадените иницијативи и активности се пример за проактивен ангажман и истрајност. Додека пак, заедничките проекти пак кои вклучуваат граѓански организации, државни институции и други засегнати страни (медиуми) ја покажуваат моќта на партнерствата во поттикнување одржливи промени.

Во напорите за борба против корупцијата, ефикасна соработка меѓу граѓанските организации, владините институции и донаторите е од исклучителна важност. Преку поттикнување на поблиски партнерства и искористување на силните страни на секој од актерите, препораките дадени во документот имаат за цел да ги поттикнат засегнатите страни да спроведат влијателни антикорупциски мерки. Граѓанските организации застапуваат, подигаат свест и мониторираат, донаторите нудат суштински ресурси и поддршка, додека владата игра клучна улога во формулирањето и спроведувањето на политиките. Заедно, преку заеднички напори водени од транспарентност и одговорност, можат да постигнат значајни промени и да изградат систем поотпорен на корупција.

* Овој документ е подготвен во рамките на проектот: „ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција“, имплементиран од Транспаренси Интернешнл- Македонија, а финансиран од страна на Европската Унија и Владата на Швајцарија. За содржината на овој документ одговара авторот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и Владата на Швајцарија.

## Вовед: Разбирање на улогата на граѓанските организации во борба против корупцијата

Корупцијата претставува сериозен предизвик за стабилноста и развојот на Северна Македонија. Таа е навлезени во сите сфери на општеството, ја поткопува довербата во институциите, го попречува економскиот раст и ги разрушува социјалните текови.

Граѓаните во 2023 г. како и во 2021 г. корупцијата ја гледаат како најголем општествен проблем. За забележување е фактот дека 63,5% од испитаниците значително повеќе од 46,1% во 2021 г., ја рангираат корупцијата како најголем проблем меѓу понудените опции[1]. За ваквата ситуација, според граѓаните "виновни" се постоењето на морална криза во нашето општество, неефикасноста на судскиот систем во борбата против корупцијата, желбата за брзо лично богатење на оние кои се на власт и недоволната заштита на лицата кои пријавуваат корупција.

Дополнително, Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2023 г[2]. е многу загрижувачки во оваа област. Во овој извештај оценките за напредокот се ослаби од минатата година[3], па наместо „одреден напредок", доминантна оценка е немање напредок или „ограничен" напредок. Во овој извештај особено алармантни се оценките во правосудството и борбата против корупцијата како клучни области од кои зависи целокупниот тек на преговорите за членство во ЕУ. Во областа на корупцијата, забележано е дека нема напредок, а посебно се изразува сериозна загриженост од последиците од измените на одредени закони.

Во ваков контекст, граѓанските организации стануваат клучни учесници во борбата против корупцијата и честопати играат главна улога во промовирање на транспарентноста, одговорноста и интегритетот во општество. Сепак само мал број граѓански организации работат во областа на корупцијата. Имено од 16.500 регистрирани само 35 организации биле[4] идентификувани дека работат на ова поле. Најголем дел од организациите се базирани во поголемите градови (24 од 35 организации се лоцирани во Скопје, и ова е донекаде очекувано имајќи предвид дека граѓанските организации се соочуваат со разни предизвици, од притисок, финансирање и страв за нивната безбедност. Сепак, преку нивните разновидни активности, од застапување и подигнување на свесност до надгледување и откривање на случаи, ги омоќуваат граѓани и ги дополнуваат владините напори во борбата против корупцијата. Преку вклучување на заедниците, мобилизирањето на ресурси и застапување за реформи во политиките, ГО допринесуваат за зголемување на отпорноста на корупција во Северна Македонија.

Овој документ за политики има за цел да ја истражи мултифункционалната улога на ГО во борбата против корупцијата, специфично во контекстот на Северна Македонија. Со истражување на механизмите преку кои ГО соработуваат со владата, прикажување на (успешни) примери на иницијативи на ГО во напорите за борба против корупцијата и анализа на предизвиците за финансиска одржливост, на крај документот нуди препораки за заинтересирани страни во Северна Македонија кои сакаат да  ја подобрат ефикасноста на стратегиите против корупцијата.

---

1 Извештај за процена на корупцијата во Северна Македонија 2023 - Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС (mcms.mk)

2 Извештај на ЕК за Северна Македонија за 2023, www.sep.gov.mk

3 3 Извештај на ЕК за Северна Македонија за 2022, www.sep.gov.mk

4 Global Initiative, Stronger Together, bolstering resilience among civil society in the Western Balkans, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2021/03/WBalkans-CSOs-web.pdf

# Граѓански организации во борба против корупција: Зајакнување на нивната улога

## Предизвици со кои се соочуваат ГО во борбата против корупцијата

Правната рамка гарантира немешање на државата во внатрешните работи на асоцијации, фондации и други видови на не профитни субјекти. ГО се автономни и законот обезбедува гаранции за регулирање на нивната интерна структура и функционирање. Сепак, притисокот на ГО продолжува да биде силен и покрај тоа што Владата официјално ја напушти кампањата за Де-Соросизација со која тврдеше дека ГО се обидуваат да ја соборат владата[5]. Во едно истражување спроведено од Македонски центар за меѓународна соработка на почетокот на 2021, помеѓу 293 ГО, само 1% тврдеа дека се соочиле со владини пречки во нивната внатрешна работа, 1.7% искусиле финансиски притисок преку разни ревизии, 2.4% пријавиле непријавени инспекции, 5.1% пријавиле други форми на државно мешање во нивната работа и 5.5% се соочиле со закани од државни службеници.

## Механизми за соработка на ГО со државни институции

Три главни институции и механизми се одговорни за олеснување на соработката помеѓу Владата и граѓанските организации во целост: Советот за соработка со граѓанското општество и Владата, единицата за соработка со НВО и мрежата на јавни службеници за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Главниот механизам, Советот за соработка беше нај функционален во периодот Април 2018 до 2020, кога беа одржани 27 сесии[6]. Од достапните белешки, седниците беа фокусирани на планирање приоритети, критериуми и други проблеми поврзани со финансирање на ГО од државниот буџет, номинирање и избор на претставници во различни тела, дискусија и разгледување документи итн. Во 2022 Советот имаше 4 седници фокусирани на државното финансирање на ГО. Во првиот квартал Советот реагираше на одлуката на Владата да скрати 15 милиони денари кои годишно се доделуваат на ГО преку отворен повик на Секретаријатот. Откако Владата на одговори позитивно, на тематска седница одржана на 06.04.2022, претставниците на ГО одлучија да бојкотираат се додека не се смени одлуката на Владата. Понатака тие одлучија да го повикаат на седница Претседателот на Владата, но кога повторно не добија позитивен одговор продолжија со бојкот и од тогаш се уште не е одржана седница[7].

Според резултатите од анкетата на граѓанските организации во 2022 г.[8], 36% од граѓанските организации го сметаат Советот за релевантен орган за соработка и влијание во создавањето политики. Не постои специфичен орган за соработка помеѓу граѓанските организации и државните институции само за антикорупциски мерки, меѓутоа постои претставник на граѓанските организации за демократијата и добро владеење во рамките на Советот за соработка.

---

[5] Global Initiative, Stronger Together, bolstering resilience among civil society in the Western Balkans, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2021/03/WBalkans-CSOs-web.pdf
[6] Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | Одделението за соработка со невладините организации (nvosorabotka.gov.mk)
[7] Ibid
[8] Monitoring Matrix on Enabling Environment for Civil Society Development Country Brief for North Macedonia 2022 North-Macedonia-MM-Brief-2022.pdf (mcms.mk)

Покрај овие институционализирани начини на соработка, поедини државни институции на различни начини соработуваат со граѓанските организации преку нивно вклучување во работни групи, работилници, состаноци итн.

## Студии на случај: Примери на антикорупциски иницијативи на граѓанските организации

Во продолжение прикажани се неколку студии на случај, иницијативи и активности предводени од ГО со цел да се долови нивното влијание во спречување и борба против корупцијата. Од застапување за правни реформи и промени во политиките до спроведување на долгорочни антикорупциски иницијативи, овие иницијативи се пример за проактивен ангажман и истрајност. Заедничките проекти пак кои вклучуваат граѓански организации, државни институции и други засегнати страни (медиуми) ја покажуваат моќта на партнерствата во поттикнување одржливи промени.

### Учество и реакции на граѓанските организации во донесување и менување на закони и политики

Граѓанските организации кои работат во оваа област, особено преку Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата се вклучени во консултативниот процес на изготвување стратегии и закони од областа на доброто владеење и борбата против корупцијата.

Имено, граѓанските организации беа дел од процесот на носење на *Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во 2019 г.* Дополнително, членови на Платформата се дел од работните групи за изменување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, изработка на *Законот за висока раководна служба, измени и дополнување на Законот за заштита на укажувачите*. Членовите на платформата се повлекоа од работната група за изготвување на *Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка.*

ГО учествуваа и во процесот на донесување на *Националната стратегија 2021-2025*, и во процесот на нејзино менување кое се организираше од страна на ДКСК во текот на 2023. Дополнително тие беа консултирана од страна на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење за учество во процесот на подготвување на *План за работа за политики за добро владеење за 2024 година.*

*Предлог- закон за конфискација на имот во граѓанска постапка*

Работна група предводена од заменик-претседателката на Владата задолжена за политики за добро управување подготви предлог-закон за конфискација на имот во граѓанска постапка, кој ќе биде доставен до ЕУ и до Венецијанската комисија за мислење, а потоа ќе се разгледува на јавна расправа пред пошироката јавност, со цел да се донесе функционален и применлив закон усогласен со меѓународните стандарди. Според Владата, ваков закон е неопходен со цел да се зајакне борбата против корупцијата во државата[9]. Имајќи го предвид временскиот рок и динамиката на работата на работната група за овој закон, Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата се повлече од работната група, ценејќи дека слабостите кои се констатирани во

[9] Грковска: Ќе следува широка јавна расправа за Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка по добивање на мислењата од ЕУ и Венецијанската комисија | Влада на Република Северна Македонија (vlada.mk)

предложениот текст не може суштински да се отстранат. Покрај недостатоци во консултативниот процес, Платформата смета дека недостасува соодветна анализа за состој бата и оправданоста на вакво законско решение и дека таква анализа ќе покаже дека во правната рамка на државата веќе постојат механизми за конфискација на имот, кои не се применуваат соодветно[10].

*Измени на кривичниот законик*

Последните измени на кривичниот законик од 2023 г. се донесоа по скратена постапка со европско знаменце. Измените наидоа на големи бранувања и осуди во јавноста и граѓанскиот сектор[11]. Со измените се намалија казните од член 353 од Кривичниот законик кој се однесува на злоупотреба на службената должност и овластување, а се укина и одредбата за санкционирање на злоупотребата на службена положба и овластувања при вршење јавни набавки или на штета на буџетот и на јавните фондови, а намалување на казните има и за делото злосторничко здружување од член 394. Со намалувањето на висината на казните за конкретните дела се намали и времетраењето на нивното застарување, а со измените се укина и проширената конфискација за нелегално стекнат имот.

*Случајот Коридор*

Во јули 2021 г. Собранието го усвои законот со кој се именува стратешки партнер за изградба на коридорот 8 и на дел од коридорот 10. Со овој закон проектот се изземе од примената на Законот за јавните набавки и директно се доделува договорот без конкурентна постапка. Покрај реагирање на дел од државните институции, повеќе граѓански организации исто така реагираа во однос на спорниот закон, а една од нив е и Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата која поднесе барање за повлекување на дневниот ред на седницата на Собранието на РСМ. Барањето беше донесено бидејќи од Платформата оценуваат дека целиот процес вклучува ризици од корупција со тоа што ги заобиколуваат општите закони. И покрај сите овие реакции, Уставниот суд одлучи да не поведе постапка и да не го оценува спорниот закон, а судиите не дадоа никакво образложение за ваквата одлука.

*Барање за стопирање на притисокот кон независните институции во борбата против корупцијата*

Платформата на граѓански организации за борба против корупција бара од претставниците на Владата на Република Северна Македонија да престанат со креирање притисок врз независните институции кои работат во областа на борбата против корупцијата и да обезбедат нивно непречено работење и остварување на нивните надлежности. Критики за исполнување на надлежностите на која било институција се добронамерни и прифатливи се додека се засноваат врз докази и остварени или неостварени резултати. Во спротивно, кога критиките се засновани врз лични, паушални, перцепции и доаѓаат од високи функционери се сметаат за директен притисок врз работењето на институциите[12].

---

[10] [Допис на Платформата] Повлекување од работната група за креирање на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка – Антикорупција | Платформа за борба против корупцијата (antikorupcija.mk)
[11] Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996
[12] Барање за стопирање на притисокот кон независните институции во борбата против корупцијата – Антикорупција | Платформа за борба против корупција (antikorupcija.mk)

## Повеќегодишни активности/ иницијативи спроведувани од граѓански организации

- Македонскиот центар за меѓународна соработка е една од неколкуте организации за кои може да се каже дека долги години работи на полето на добро владеење и борба против корупција. ЕУ речиси една деценија ги поддржува активностите на Мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ) активна во полето на добро владеење и антикорупција. СЕЛДИ, предводена од МЦМС, од јануари 2023 г. започна со спроведување на новата регионална четиригодишна програма, со вкупен буџет од 90,6 милиони денари, која има за цел подобрување на партиципативна демократија и процесот на приближување кон ЕУ преку консолидирање и зајакнување на влијанието на граѓанското општество во креирањето политики и реформски процеси во регионот на Западен Балкан во областа на антикорупцијата, владеењето на правото и доброто владеење[13]. Дополнително „Граѓаните против корупцијата“ (Citizens Against Corruption Activity) е програма, поддржана од УСАИД, а спроведувана од МЦМС[14]. Оваа програма има за цел да го зголеми ангажманот и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупција та. Програмата започна со спроведување во април 2023 г. и ќе се спроведува во период од 5 години, а вкупниот буџет изнесува 345,5 милиони денари.
- Транспаренси Интернешнл со години овозможува пријавување корупција безбедно и анонимно на нивната платформа за пријавување на GlobaLeaks преку разговор со правен центар[15]. Дополнителни ТИ ЕУ заедно со партнери од регионот поддржани од ЕУ и СМАРТ Балкан работат на зајакнување на граѓаните и актерите од граѓанското општество во Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија и Турција да бараат одговорност од носители на политички функции за интегритетот на политичкото финансирање, донесувањето закони и распределбата на ресурсите[16]. Ти нуди поддршка на граѓаните да учествуваат во борбата против корупцијата преку подобрување на квалитетот на демократското владеење во Југоисточна Европа преку проект кој го имплементираат во периодот јуни 2022-јуни2024[17]
- Центарот за граѓански комуникации исто така долги години работи на полето на борба против корупција, со фокус на јавните набавки. Па така повеќе од 10 години го анализира трошењето на јавните пари следејќи го спроведувањето на јавните набавки[18], а во последните 5 години дополнително како дел од коалицијата Balkan Tender Watch работи на детектирање ранливите точки за корупција во системите за јавни набавки на земјите од Западен Балкан преку споредбен мониторинг и анализа засновани врз однапред утврдена и проверена методологија и консултации со засегнатите страни; да обезбедува навремени и сеопфатни информации и анализи за состојбите во јавните набавки на земјите од Западен Балкан, како и да предлага препораки за промени во системите за јавни набавки кои ќе придонесуваа кон намалување на корупцијата во јавните набавки на земјите од Западен Балкан[19].
- Зајакнување на отпорноста на општините во борбата против корупцијата (Strengthening Municipal Resilience to Corruption in North Macedonia) е проект поддржан од Швајцарската агенција

[13] Регионална мрежа за антикорупција (РМА) - Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС (mcms.mk)
[14] 2468-gragjanite-protiv-korupcijata.pdf (mcms.mk)
[15] Пријави корупција - Транспаренси Интернешнл (transparency.mk)
[16] Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет - Транспаренси Интернешнл (transparency.mk)
[17] Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа - Транспаренси Интернешнл (transparency.mk)
[18] Center for Civil Communications - Мониторинг на јавните набавки (2008-2024) (ccc.org.mk)
[19] Center for Civil Communications - Балкан Тендер Воч (2023-2024) (ccc.org.mk)

за развој и соработка, кој ќе го спроведува НДИ во период од 11 години и буџет од 700,4 милиони денари.

### Заеднички активности на граѓански организации и државни институции

- Анализата на ИДСЦС „Антикорупција 2030: Форсајт анализа на идни и сегашни корупциски предизвици“[20] чија цел е да придонесе во стратешкото планирање на антикорупцијата опфаќа можните сценарија по кои ќе се развиваат корупцијата и борбата против корупцијата до 2030 година и како институциите да се справат со идните предизвици. Анализата е пример на добра соработка на една граѓанска организација со главните антикорупциски институции во државата и претставници на граѓанското општество.[21]
- Програмата „Партнерство против корупција“ (Partnership Against Corruption Activity)[22], поддржана од УСАИД започна со спроведување во третиот квартал од 2023 г. Оваа програма ќе се спроведува во период од 5 години, а вкупниот буџет изнесува 691,2 милиони денари. Преку оваа програма ќе се поддржи Владата на РСМ и нејзините институции во справувањето со корупцијата и ќе се зајакне нивната транспарентност и отчетност.
- Поддршка на ЕУ за владеење на правото[23] е проект креиран да ги поддржи релевантните институции кои работат на полето на правосудството, спроведувањето на законот, борбата против корупцијата и промоцијата и заштитата на основните и човековите права за подобрување на нивните капацитети, ефективност и влијание преку многустран пристап.

## Обезбедување долготрајност: Финансиска стабилност на граѓанските организации

Граѓанските организации во Северна Македонија се соочуваат со низа предизвици, меѓу кои најочигледен е обезбедување финансиски средства за нивна одржливост.

### Државно финансирање на граѓански организации

Финансиската поддршка на ГО со средства од буџетот е уредена во Законот за здруженијата и фондацијата (член 49) и во Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Но постојат и други закони во кои е предвидена можност за финансиска поддршка , со средства од буџетот но и со средства од буџетите на општините, општините во Град Скопје и Град Скопје. Во 2022 г. приходот на граѓанските организации од централниот буџет изнесувал 307.999.072 денари. Од овие средства 213.882.847 денари се доделени со јавен оглас додека 94.116.225 не се огласени. Имајќи ги предвид вкупните приходи на граѓанските организации, државното финансирање, односно парите од централниот буџет, изнесуваат 4%.[24] Дополнително, во просек, општините во 2022 година доделиле за здруженијата на граѓани само 0,1 % од своите буџети. Општините, преку буџетската ставка 463 – наречена „Трансфери до невладини организации“ во 2022 година доделиле 6,6 милиони евра.

---

[20] Антикорупција 2030: Форсајт анализа на идни и сегашни корупциски предизвици Antikorupcija-2030.pdf (idscs.org.mk)
[21] B5_scenario_2023MKD.pdf (idscs.org.mk)
[22] https://www.usaid.gov/sites/default/files/2024-03/PAC%20March%202024.pdf
[23] Anti-Corruption - Rolaw - EU Support for Rule of Law
[24] Само 4% е уделот на државното финансирање во приходите на граѓанските организации за 2022г. - Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС (mcms.mk)

Притоа, над 90 % од парите се доделени на спортските клубови, кои, во одредени општини, добивале и по еден милион евра годишно[25].

### Поддршка од донаторската заедница

Во последните две години се забележува зголемена финансиска поддршка од страна на донаторската заедница во рамките на тематските области: добро владеење и антикорупција. Имено, според податоците од Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД) на Владата на РСМ добиени преку Барањето за пристап до информации од јавен карактер[26] од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), во пери одот од 01.01.2022 г. до 31.10.2023 г., во овие тематски области е регистрирана странска помош во висина од 575 милиони денари. Попрецизно, во 2022 г. се регистрирани 120 милиони денари, додека во 2023 г., заклучно со месец октомври, се регистрирани 455 милиони денари. Како најголем донатор се јавува УСАИД и Амбасадата на САД во Скопје со поддршка во износ од 404 милиони денари. Веднаш потоа е ЕУ со 158 милиони денари, а значајна е и поддршката од 7,4 милиони денари на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, како и 2,8 милиони денари поддршка од УНХЦР. Остатокот од регистрираните средства претставуваат помала меѓународна или билатерална поддршка. За разлика од порано каде донаторската поддршка главно беше насочена кон јакнење на државните институции како главни антикорупциски актери, во последните години донаторската заедница ја зголемува поддршката и за другите чинители.

## Усогласување на напорите во борбата против корупцијата: како понатака?

Во напорите за борба против корупцијата, ефикасна соработка меѓу граѓанските организации, владините институции и донаторите е од исклучителна важност. Преку поттикнување на поблиски партнерства и искористување на предностите на различните страни, овие препораки имаат за цел да ги поттикнат засегнатите страни да спроведат влијателни антикорупциски мерки. Граѓанските организации застапуваат, подигаат свест и мониторираат, донаторите нудат суштински ресурси и поддршка, додека владата игра клучна улога во формулирањето и спроведувањето на политиките. Заедно, преку заеднички напори водени од транспарентност и одговорност, можат да постигнат значајни промени и да изградат систем поотпорен на корупција.

### Препораки за граѓанските организации

- Од клучно значење е повеќе граѓански организации да се ангажираат на полето на добро владеење и борба против корупцијата. Иако просторот за граѓанското општество се стеснува, ГО треба да ја продолжат својата работа не само во борбата против корупција, туку и со подигање колективна свест за влијанието на корупцијата врз другите сродни области. Во насока на ова, граѓанското општество треба да биде креативно во користењето алатки како што се (големи) отворени бази на податоци, вештачка интелигенција и социјални медиуми.
- ГО треба да развијат позначајно партнерство и механизми за соработка помеѓу владата и граѓанските организации кои ќе им овозможи на повеќе ГО да се вклучат во сите фази на процеси на донесување/водење на политички, правни и стратегиски реформи.

[25] ЦГК: Спортските клубови - миленици на општините – DW – 20.12.2023

[26] Одговор од СЕП на Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 17-2009/2 од 14.11.2023 г.

- Директни состаноци и консултации помеѓу владините претставници/функционери и ГО треба да биде дел од секојдневното функционирање на овие засегнати страни. Освен мониторирање, укажувања и барања, граѓански организации треба да бидат и проактивни во овие процеси со испраќање кратки мемоа, документи со мислења и предлози за подобрување на постоечките или подготовка на нови мерки и политики.
- ГО треба да ја зајакнат соработката со другите недржавни актери особено медиумите со цел да се зголеми нивната видливост, присуство во јавност, пренесување на независни ставови и мислења како и укажувања и откривање на коруптивни дејствија.
- Вмрежување и поголема соработка помеѓу ГО, особено во активностите за истражување и застапување.

## Препораки за политика за претставници на државни институции/тела

- Владата треба да демонстрира реална политичка волја за борба против корупцијата со вклучување на сите засегнати страни во овој процес. Ова значи спроведување на транспарентни и отчетни консултативни процеси во сите фази кои ќе доведе до создавање на антикорупциска политики прилагодени на потребите на граѓаните, не на поединци.
- Владините претставници треба да ја покажуваат својата волја и подготвеност за подобрување дијалогот и соработката со ГО со овозможување на нивно ангажирање во процесот на креирање јавни политики преку размена на информации и консултации, како и преку номинирање претставници на ГО во привремена и постојани работни тела кога се занимаваат со проблемот со корупцијата.
- Неопходно е да се подобри финансирањето за граѓанските организации воопшто и граѓанските организации кои работат во областа на доброто владеење и борбата против корупцијата, како и да се воспостави механизми за транспарентно финансирање на овие проекти.
- Потребно е да учествуваат и поддржуваат активности на постоечките антикорупциски мрежи на ГО, и да иницираат создавање на нови со цел да се обезбеди подобар дијалог и поефикасна соработка на надлежните државни органи и институции со ГО.
- Учество во јавни дебати и други јавни акции, како и изнаоѓање начин да се вклучат граѓаните во овие активности.

## Препораки за донатори и меѓународната заедница

- Донаторите треба повеќе да се потпираат на националната експертиза на ГО и да обезбедат флексибилност при изборот на проекти за финансирање врз основа на потребите идентификувани на терен.
- Меѓународната заедница треба да се фокусира повеќе на посредување и овозможување на дијалог и соработка помеѓу граѓанското општество и владата.
- Мрежи (формални и неформални) на ГО кои работат на полето на добро владеење и борба против корупцијата треба повеќе да се охрабруваат и подржуваат, бидејќи тие се важен елемент за подобрување на експертизата со цел подобрена и поконструктивна соработка со државните институции.

# Библиографија


1. Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија, МЦМС, 2023
2. Извештај на ЕК за Северна Македонија за 2023
3. Извештај на ЕК за Северна Македонија за 2022
4. Global Initiative, Stronger Together, bolstering resilience among civil society in the Western Balkans
5. Monitoring Matrix on  Enabling Environment for Civil Society Development , Country Brief for North Macedonia 2022
6. Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996
7. Антикорупција 2030: Форсајт анализа на идни и сегашни корупциски предизвици
8. Информации од веб страните на:

Македонски центар за меѓународна соработка, Транспаренси Интернешнл Македонија, Институт за Демократија Социетас Цивилис- Скопје, Центар за граѓански комуникации, Платформа на граѓански организации за борба против корупција, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество- Одделението за соработка со невладините организации, Проектот за поддршка на владеење на правото

**За авторката**

Наташа Димова е родена  на 21 јуни 1993 г. во Охрид, Македонија. Дипломира на политички студии во 2015 г на Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје, а од 2019 г. е и магистер по применета политика- тема Ефективноста на политиката на условеност на Европската унија за борбата против корупција во земјите кандидатки од Западен Балкан. Од 2015 до денес работи на различни проекти во Македонски центар за меѓународна соработа. Нејзино поле на интерес е доброто владеење и управување, борба против корупција и родова еднаквост со фокус на спроведување на различни иновативни методологии за проценка на корупцијата и феноменот на заробена држава, исполнување на критериумите на ЕУ, застапување за транспарентност и отчетност, процес на креирање политики и донесување закони итн. Авторка е и на низа студии од овие области.